# СЛУ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Среда, 31 јули 1968

БЕЛГРАД

БРОЈ 31 ГОД. XXIV

Це... Аконтаци... година изнесува ... ција: Улица Јована ... Пошт фах 226 — Телефони: ... 50-931, 50-932, 50-933 и 50-934; Служба ... претплата 51-732, Продавна служба 51-671.


**396.**

Врз основа на членот 19 став 2 и членот 20 став 1 и 2 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66 и 54/67) и членот 37 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ЧИЈ ИЗВОЗ И УВОЗ Е РЕГУЛИРАН

1. Во Списокот на стоките за кои се утврдуваат условите за извоз и увоз, што е составен дел на Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/65, 45/66, 13/67, 17/67, 30/67, 32/67, 40/67, 54/67, 11/68, 13/68, 19/68, 25/68 и 27/68) во колоната 6 се вршат следните измени, и тоа:

| Реден број | Шифра од Номенклатурата СНТ | Наименување | Поранешната кратенка за стоковниот режим | Се заменува со кратенката за стоковниот режим |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | **Во секторот 6 — Изработени производи класификувани претежно според материјалот** | | |
| 918 | 695-21-10 | Пили за дрво | ЛБ | ЛБО* |
| 919 | 695-21-20 | Пили за метал рачни | ЛБ | ЛБО* |
| 921 | 695-21-90 | Ножеви и листови за пили | ЛБ | ЛБО* |
| 922 | 695-22-10 | Клешти | ЛБ | ЛБО* |
| 923 | 695-22-20 | Навојни клучеви | ЛБ | ЛБО* |
| 924 | 695-22-30 | Турпии | ЛБ | ЛБО* |
| 937 | 695-23-90 | Рачен алат и прибор друг | ЛБ | ЛБО* |
| 940 | 695-24-30 | Глодала за метал | ЛБ | ЛБО* |
| 941 | 695-24-40 | Нарежувачи за метал | ЛБ | ЛБО* |
| 943 | 695-24-60 | Бургии спирални за метал | ЛБ | ЛБО* |
| 948 | 695-26-10 | Ножеви за алатни машини — видија плочки | ЛБ | ЛБО* |
| | | **Во секторот 7 — Машини и транспортни уреди** | | |
| 116 | 715-10-05 | Глодалки универзални | ГДК | РК* |
| 117 | 715-10-06 | Глодалки автоматски | ГДК | РК* |
| 118 | 715-10-09 | Глодалки други | ГДК | РК* |
| 119 | 715-10-11 | Стругови обични | ГДК | РК* |
| 120 | 715-10-12 | Стругови револвер автоматски | ГДК | РК* |
| 121 | 715-10-19 | Стругови други | ГДК | РК* |
| 122 | 715-10-21 | Стругови асталски, столбни и радијални | ГДК | РК* |
| 125 | 715-10-31 | Точалки универзални и хоризонтални | ГДК | РК* |
| 126 | 715-10-32 | Точалки за кружно и внатрешно точење | ГДК | РК* |
| 139 | 715-10-62 | Преси со кривак и ексцентар | ГДК | РК* |
| 140 | 715-10-63 | Преси хидраулични | ГДК | РК* |
| 141 | 715-10-64 | Преси фрикциони | ГДК | РК* |
| 142 | 715-10-70 | Ножици и пили за исекување метали | ГДК | РК* |
| 147 | 715-10-90 | Машини за обработка на метали други | ГДК | РК* |
| 211 | 718-42-10 | Екскаватори и суви багери и делови | ГДК | РК* |
| 213 | 718-42-20 | Булдожери | ГДК | РК* |
| 214 | 718-42-40 | Скрепери | ГДК | РК* |
| 215 | 718-42-50 | Градери | ГДК | РК* |
| 219 | 718-42-90 | Машини за ископување и дупчење земја, други | ГДК | РК* |

**2. Во секторот 7 — Машини и транспортни уреди, редниот број 61 се менува и гласи:**

| Реден број | Шифра на Номенклатурата СНТ | Наименување | Тар. број од Царинската тарифа | Форма на извозот | Форма на увозот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| »61 | 712-20-51 | Комбајни за жито самоодни | 84.25/1а | ЛБ | РК*". |
| | | По редниот број 61 се додава нов реден број 61а, кој гласи: | | | |
| »61а | 712-20-51 | Комбајни за жито влечени | 84.25/2б | ЛБ | ГДК". |
| | | Редниот број 63 се менува и гласи: | | | |
| »63 | 712-20-53 | Комбајни за вадење репка самоодни | 84.25/3а | ЛБ | ГДК". |
| | | По редниот број 63 се додава нов реден број 63а, кој гласи: | | | |
| »63а | 712-20-53 | Комбајни за вадење репка влечени | 84.25/3б | ЛБ | РК*" |
| | | Редниот број 64 се менува и гласи: | | | |
| »64 | 712-20-54 | Комбајни за берење пченка самоодни | 84.25/2а | ЛБ | РК*" |
| | | По редниот број 64 се додава нов реден број 64а, кој гласи: | | | |
| »64а | 712-20-54 | Комбајни за берење пченка влечени | 84.25/2б | ЛБ | РК*". |
| | | Редниот број 66 се менува и гласи: | | | |
| »66 | 712-20-59 | Комбајни за силажа самоодни | 84.25/3а | ЛБ | ГДК". |
| | | По редниот број 66 се додава нов реден број 66а, кој гласи: | | | |
| »66а | 712-20-59 | Комбајни за силажа влечени | 84.25/3б | ЛБ | РК*". |
| | | Редниот број 115 се менува и гласи: | | | |
| »115 | 715-10-01 | Рендалки и шепинг машини — долгоодни рендалки со должина однадвор над 3 метра | 84.45/2ђ1 | ЛБ | РК*". |
| | | По редниот број 115 се додава нов реден број 115а, кој гласи: | | | |
| »115а | 715-10-01 | Рендалки и шепинг машини, други | 84.45/2ђ1 и 2а 5 | ЛБ | ГДК". |
| | | Редниот број 124 се менува и гласи: | | | |
| »124 | 715-10-29 | Дупчалки други — хоризонтални | 84.45/2б2 | ЛБ | РК*". |
| | | По редниот број 124 се додава нов реден број 124а, кој гласи: | | | |
| »124а | 715-10-29 | Дупчалки други — координатни и други | 84.45/2б4 | ЛБ | ГДК". |

3. Работите на увозот на стоки од точ. 1 и 2 на оваа одлука што се склучени и ќе се пријавени на банката до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе се извршат според стоковниот режим што за увоз на тие стоки важел до денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 102
22 јули 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**397.**

Врз основа на членот 37 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66 и 54/67), во врска со членот 59 став 2 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА УВОЗОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД СТРАНА НА ГРАЃАНИТЕ

1. Во Одлуката за регулирање на увозот на моторни возила од страна на граѓаните („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/64, 17/68 и 25/68) во точката 1 став 1 на крајот на текстот се додаваат запирка и зборовите: „и тоа само кај домашна стопанска организација што според важечките прописи може да увезува моторни возила.".

Ставот 2 се брише.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 101
22 јули 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

**398.**

Врз основа на чл. 5 и 18 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УСЛОВИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ЗАЕМИ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

1. Барањата за заеми кај Меѓународната банка за обнова и развој (во натамошниот текст: Меѓународната банка) се поднесуваат на начинот и под условите определени со оваа одлука, а за намените што се во согласност со развојната политика утврдена со општествените планови за развој на Југославија, и тоа:

1) за изградба на објекти на инфра-структурата:

а) во областа на сообраќајот:

— мрежи на патишта;

— поштенско-телеграфско, телефонски сообраќај;

б) водостопански и мелиорациони системи;

в) електроенергетски објекти;

2) за модернизација на индустриските капацитети;

3) за изградба на туристички центри;

4) за отворање шумски комплекси.

2. Сојузниот секретаријат за финансии ги обезбедува податоците за можностите на добивање заем од Меѓународната банка, за намените за кои Меѓународната банка дава заем, како и за условите под кои таа банка дава заем, и за тоа ги известува деловните банки овластени за вршење кредитни работи со странство (во натамошниот текст: овластените банки) и Сојузната стопанска комора.

Овластените банки и Сојузната стопанска комора за можностите за добивање заеми од Меѓународната банка и за условите на заемот ќе ги известат работните организации и другите инвеститори што се заинтересирани за користење на средства од тие заеми.

3. Барањата за склучување заеми за намените од точката 1 на оваа одлука, освен за заемите за мрежата на патиштата и за водостопанството и мелиорационите системи, заинтересираните инвеститори ѝ ги поднесуваат со потребната документација на овластената банка што самите ќе ја изберат. Разгледувањето на поднесените барања, изборот на објектите и поднесувањето предлози за склучување на заемите, како и склучувањето договор за заемот го вршат овластените банки на начинот како што тие ќе се спогодат.

4. Барањата за склучување заеми за финансирање на мрежата на патиштата, водостопанството и мелиорационите системи ги поднесуваат заинтересираните инвеститори, со потребната документација, до Сојузниот секретаријат за стопанство кој, во спогодба со Сојузниот завод за стопанско планирање и со Сојузниот секретаријат за финансии ќе утврди кои барања ги исполнуваат условите пропишани со оваа одлука и тие барања ќе му ги поднесе на Сојузниот извршен совет. Сојузниот извршен совет врши избор на објектите чие финансирање ќе ѝ се предложи на Меѓународната банка преку овластената банка што ќе ја избере инвеститор.

5. Овластените банки односно инвеститори од точ. 3 и 4 на оваа одлука можат да склучат заем кај Меѓународната банка под услов:

1) инвеститорот да обезбеди потребни средства за своето учество во финансирањето на изградбата на објектот, како и средства (динарски и девизни) за враќање на заемот, во согласност со важечките прописи;

2) заемот односно гаранцијата на овластената банка да го товари девизниот кредитно-гаранциски потенцијал на таа банка и таа да е должна да држи девизен депозит определен со прописите донесени врз основа на членот 18 од Законот за кредитните работи со странство.

За објектите за кои Меѓународната банка дава заем за определен дел на вкупната пресметковна вредност на објектот, овластената банка, преку која се реализира овој заем, може да користи само дел од девизните средства потребен за плаќање во странство што произлегува од меѓународна лицитација или за изречни обврски по договорот за заемот со Меѓународната банка. Преостанатиот дел на девизните средства од заемот овластената банка е должна да ѝ го продаде на Народната банка на Југославија. Делот на девизните средства продадени на Народната банка на Југославија не го товари девизниот кредитно-гаранциски потенцијал на овластената банка и таа не е должна да држи неангажиран дел девизи определен со прописите донесени врз основа на членот 18 од Законот за кредитните работи со странство. За девизните отплати на Меѓународната банка на овој дел на заемот, Народната банка на Југославија ќе ѝ продава на овластената банка потребни девизни средства во роковите на стасаноста.

6. По исклучок од одредбата на точката 5 став 1 под 2 од оваа одлука, заемите што, во смисла на оваа одлука, се користат за објекти на подрачја на стопански недоволно развиени републики и краишта, не го товарат девизниот кредитно-гаранциски потенцијал на овластената банка, и таа банка е должна да држи неангажиран дел девизи од својот девизен фонд и девизи депонирани кај неа со отказен рок подолг од една година, и тоа во височина од 1% од својата обврска по заемот кај Меѓународната банка.

7. Подносителите на барањето од точката 4 на оваа одлука се должни, кон барањето за користење средства на заемите, да му поднесат на Сојузниот секретаријат за стопанство докази за исполнувањето на условите од точката 5 на оваа одлука.

Овластените банки од точката 3 на оваа одлука се должни пред поднесувањето на барањето до Меѓународната банка да му поднесат на Сојузниот извршен совет докази за исполнувањето на условите од точката 5 на оваа одлука, заради добивање претходна согласност од Сојузниот извршен совет дека, ако Меѓународната банка го прифати барањето на заем, ќе ѝ предложат на Сојузната скупштина федерацијата да даде гаранција по тој заем.

8. Сојузниот секретар за финансии, во согласност со сојузниот секретар за стопанство, ќе донесе поблиски прописи за документацијата врз основа на која се утврдува дека се исполнети условите од точката 7 на оваа одлука.

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 105
3 јули 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

**399.**

Врз основа на членот 54 став 4 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОБВРСКАТА НА СПОГОДУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРИ УВОЗОТ НА ПРОИЗВОДИ ОД ГРАНКАТА 124 — ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА

1. Увоз на производи од гранката 124 — Текстилна индустрија може да се врши само во рамките на спогодбата за надворешнотрговска соработка што ќе ја склучат стопанските организации на односните групации во смисла на членот 54 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство, а во согласност со Одлуката за постапката за склучување спогодби на стопанските организации за соработка во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/68).

2. Ако спогодбата од точката 1 на оваа одлука не се постигне во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, увоз на производите од точката 1 на оваа одлука ќе се врши под условите што ќе ги пропише Сојузниот извршен совет. До влегувањето во сила на прописите на Сојузниот извршен совет увоз на тие производи ќе се врши според важечките прописи.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 106
24 јули 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**400.**

Врз основа на членот 8 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65 и 12/67), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИОТ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН РИБАРЦИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ДРУМСКИ СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница спрема Народна Република Бугарија се определува постојаниот граничен премин Рибарци за меѓународен друмски сообраќај.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. бр. 103
29 мај 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

**401.**

Врз основа на членот 41 став 1 точка 2 од Основниот закон за заштита од јонизирачки зрачења („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65), Сојузниот совет за здравство и социјална политика пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА НАЧИНОТ НА ИСПИТУВАЊЕТО НА КОНТАМИНАЦИЈАТА СО РАДИОАКТИВНИ МАТЕРИИ НА ВОЗДУХОТ, ВОДАТА И ЗЕМЈИШТЕТО

Член 1

Заради определување на радиоактивната контаминација на воздухот, во републичките центри за заштита од јонизирачки зрачења секојдневно се мери вкупната бета радиоактивност во воздухот.

Собирање мостри на воздух заради мерење во смисла на ставот 1 од овој член се врши со пропумпување на воздух низ филтрир-хартија со позната ефикасност, непрекинато во текот на 24 часа на височина од 1 m над почвата на земјата. Мерењето на вкупната бета радиоактивност на филтрир-хартијата се врши 120 часови по каптацијата на мострите на GM-бројачи, со GM-цевки чија ефикасност при калибрацијата SR-90 (Y-90) не отстапува за повеќе од 20% од ефикасноста при калибрацијата K-40.

Резултатите на извршеното мерење се изразуваат до долната граница од 0,1 pCi/m³ на бета радиоактивност соодветна на употребениот стандард за кој служи K-40.

Собирање мостри на воздух заради мерење на вкупната бета радиоактивност во воздухот се врши во: Језерско, Предмеј, Вировитица, Задар, Суботица, Заечар, Гевгелија и Титоград.

Поради близината на постоењето на нуклеарни постројки секојдневно треба да се мери вкупната бета радиоактивност во воздухот во Љубљана, Загреб и Белград, и тоа во близината на нуклеарните институти на местата што ќе ги определат службите на тие институти за радиолошка заштита.

Член 2

Пропумпување на воздух низ филтрир-хартии во местата од членот 1 ст. 4 и 5 од овој правилник се врши, по правило, 7 часа дневно. Ако специфичната бета радиоактивност на неделниот просек во тие места ја преминува границата од 5 pCi/m³, пропумпувањето на воздухот во тие места се продолжува на 24 часа сé додека неделниот просек не падне под границата од 5 pCi/m³.

Пропумпување на воздух во собирачките места се врши 24 часа дневно, ако може да се очекува дека до зголемена радиоактивност на контаминацијата на воздухот на територија која се контролише ќе дојде од која и да било причина од група на радионуклиди поинаква од дотогашната.

Мострите на воздух собрани во местата од членот 1 ст. 4 и 5 на овој правилник веднаш се праќаат во мерните станици, определени со републички прописи.

Собраните мостри на воздух се обработуваат на начинот на кој се обработуваат мострите на воздухот собрани во мерните станици.

Ако во мерните станици просечната вкупна бета радиоактивност во воздухот во текот на една недела

е поголема од 5 pCi/m³, се врши и идентификација на радионуклидите што го предизвикале таквото зголемување.

Ако во земјата или на определено подрачје од која и да било причина се очекува контаминација на воздухот со нова група на радионуклиди, идентификација на новата група радионуклиди се врши и кога вкупната бета радиоактивност во воздухот на преминува 5 pCi/m³.

Член 3

Во републичките центри за заштита од јонизирачки зрачења, како и во Задар, Риека и Суботица, се мери вкупната бета радиоактивност на дневните врнежи.

Собирање мостри на врнежите се врши секојдневно во текот на 24 часа на височина од 1 m над почвата. Земање мостри се врши секој ден во 7 часот наутро. Резултатите на извршеното мерење се изразуваат во mCi/km² бета радиоактивност соодветна на употребениот стандард за баждарење, а по можност и во pCi/l. При собирање на мостри се регистрира и количината на врнежите, што се мери со стандардните метеоролошки уреди.

Техниката на мерењето на врнежите ѝ е еднаква на техниката на мерењето на вкупната бета радиоактивност во воздухот.

Член 4

При мерењето на вкупната бета радиоактивност на месечните врнежи, собирање на мостри се врши во: Љубљана, Ново Место, Мурска Собота, Бовец, Пула, Риека, Беловар, Загреб, Задар, Осиек, Бања Лука, Тузла, Ливно, Мостар, Сараево, Титоград, Дубровник, Суботица, Нови Сад, Ниш, Призрен, Заечар, Белград и Златибор, Гевгелија, Охрид и Скопје.

Во местата од ставот 1 на овој член мострите на врнежите се собираат во текот на еден месец и веднаш им се праќаат на определените мерни станици. Собирање мостри се врши на височина од 1 m над почвата на земјата. При мерењето се врши и регистрација на количината на врнежите за односниот месец.

Резултатите на извршеното мерење се изразуваат како и кај дневните врнежи.

Техниката на мерењето на врнежите ѝ е еднаква на техниката на мерењето на вкупната бета радиоактивност во воздухот.

Член 5

Sr-90 се определува во месечни мостри на врнежи собрани во: Бовец, Ново Место, Мурска Собота, Загреб, Задар, Осиек, Бања Лука, Сараево, Мостар, Титоград, Суботица, Белград, Приштина, Ниш, Скопје и Гевгелија. Резултатите на извршеното мерење се изразуваат во mCi/km², а по можност и во pCi/l. Ако во текот на месецот имало врнежи, задолжителна е регистрацијата на количината на врнежите за односниот период на времето.

Член 6

Cs-137 се определува во месечно собирање на fall, и тоа во Бовец, Загреб, Сараево, Белград и Скопје.

Резултатите на извршеното мерење се изразуваат во mCi Cs-137/km², односно во pCi/l ако е тоа можно. Баждарењето на мерните инструменти се врши со стандардот Cs-137.

Ако просечната вкупна бета радиоактивност во воздухот во текот на една недела е поголема од 5 pCi/m³, се врши и идентификација на радионуклидите што го предизвикале таквото зголемување, и тоа во месечниот fall собран во Бовец, Загреб, Сараево, Белград и Скопје.

Во месечниот fall се врши идентификација на радионуклидите кога во земјата или на определено подрачје се очекува контаминација на воздухот од нова група радионуклиди од која и да било причина, иако во очекуваниот период вкупната бета радиоактивност во воздухот не преминува 5 pCi/m³.

Месечните мостри се земаат во местата од ставот 1 на овој член.

Член 7

Контрола на географските води се врши на меѓународните реки, и тоа на:

1) Дунав кај Бездан и Прахово,
2) Драва кај Дравоград и Осиек,
3) Мура кај Петрењац,
4) Тиса кај Кањижа,
5) Нишава кај Пирот,
6) Соча кај Соњан,
7) Вардар кај Гевгелија,
8) Бегеј кај Зрењанин.

Поради близината на постоењето на нуклеарни постројки се контролираат реките: Дунав кај Земун и Смедерево и Сава кај Љубљана, Загреб и Белград.

Мострите на вода се земаат во текот на десет дена на реките во местата од ставот 1 на овој член и како десетдневни мостри им се праќаат на определените мерни станици. Со мерењето се определува вкупната бета радиоактивност соодветна на употребениот стандард, а резултатите се изразуваат во pCi/l.

Мерењата се вршат спротиводно и низводно на реката односно на местата во кои се наоѓаат нуклеарни постројки.

Мерната техника е иста како и кај дневната мостра односно месечната мостра на fall.

Баждарењето на мерните инструменти се врши со стандардот K-40.

Член 8

Ако вкупната бета радиоактивност во ваздухот во текот на еден месец изнесува над 10 pCi/m³, се воведува редовна контрола на реките, и тоа на:

1) Сора — во Горења Вас,
2) Купа — во Сисак,
3) Уна — во Босанска Дубица,
4) Врбас — во Бања Лука,
5) Босна — во Босански Шамац,
6) Дрина — во Зворник,
7) Неретва — во Чапљина,
8) Морача — во Титоград,
9) Велика Морава — во Ќуприја.

Собирањето и мерењето на мострите на вода се врши како и кај меѓународните реки, односно на реките што се наоѓаат покрај нуклеарни постројки.

Ако вкупната бета радиоактивност во воздухот во текот на месецот изнесува над 10 pCi/m³ се воведува и контрола на Бледското, Бохињското, Охридското, Скадарското, Дорјанското и Преспанското езеро.

Член 9

Контрола на морската вода се врши со мостри на вода во Ровињ, Сплит и Дубровник. Мострите се земаат постојано и во тие мостри се определуваат Sr-90 и Cs-137.

Резултатите на извршеното мерење се изразуваат во pCi/m³.

Мостри на планктони се земаат во местата од ставот 1 на овој член, со тоа што во Сплит и Дубровник се зема по шест мостри и во Ровињ дванаесет мостри годишно.

На мострите на планктони се определуваат Ru-106, Mn-54, Co-60, Sr-90 и Cs-137.

Член 10

Контролата на земјиштето се спроведува со определување на расположивиот Sr-90 во земјата на мострите собрани во: Ново Место, Мурска Собота, Осиек, Загреб, Задар, Бања Лука, Сараево, Мостар, Титоград, Нови Сад, Белград, Ниш, Приштина, Скопје и Штип.

Мострите на земја се земаат во текот на април и октомври секоја година. Земањето на мостри се врши до длабочина од 0 до 5 cm, од 5 до 10 cm и од 10 до 15 cm. Резултатите на извршеното мерење се изразуваат во pCi Sr-90/gCa, pCi Sr-90/kg и mCi Sr-90/km².

Баждарење на мерните инструменти се врши со стандардот Y-90.

Ако просечната вкупна бета радиоактивност на воздухот во текот на еден месец преминува 10 pCi/m³, се врши и идентификација на радионуклидите депонирани во земјата што и го предизвикале тоа зголемување.

Мострите на земја се земаат само на длабочина од 5 cm, и тоа во Ново Место, Загреб, Сараево, Титоград, Белград и Скопје.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

02/1 бр. 1373
9 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Сојузниот совет за здравство
и социјална политика,
др **Никола Георгиевски**, с. р.

**402.**

Врз основа на членот 69 од Законот за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66), сојузниот секретар за надворешна трговија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОГОВАРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА УВОЗОТ НА ПРОИЗВОДИ НА ЦРНАТА МЕТАЛУРГИЈА

1. Во Наредбата за определување на стопанските организации за договарање и извршување на работи на увозот на производи на црната металургија („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/68, 25/68 и 26/68) во точката 2 во одредбата под 41 точката се заменува со запирка и по тоа се додава нова одредба, која гласи:

„42) Заедницата на Југословенските железници.".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 8013
18 јули 1968 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
др **Васил Гривчев**, с. р.

**403.**

Врз основа на членот 69 од Основниот закон за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65 и 29/66), Сојузниот секретаријат за стопанство објавува

## СПИСОК

### НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДОБИТОКОТ ЗА КОИ Е ИЗДАДЕНА ДОЗВОЛА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Во периодот од 1 јануари до 30 јуни 1968 година се издадени дозволи за пуштање во промет на следните средства за заштита на добитокот, и тоа на:

**1. Ветеринарниот завод Земун—Суботица, за:**

1) Бивалентна вакцина на атипична чума и сипаница кај живината, ad us. vet., пакувана во ампули или шишенца со разредувач по 50, 100 и 200 дози, под бр. 9-1911/4 од 24 јануари 1968 година;

2) Cosumix, ad us. vet., пакуван во картонски и поливинилски кутии по 100, 500 и 5000 g, под бр. 9-2356/1 од 20 мај 1968 година;

3) Kilapin вакцина, пакувана во по 5 дози, под бр. 9-5596/2 од 20 мај 1968 година.

**2. Серум Заводот Калиновица, Загреб, за:**

1) Omnisan spray, ad us. vet., пакуван во шишенца со распрскувач по 150 ml, под бр. 9-6597/2 од 24 јануари 1968 година;

2) Calfos, ad us. vet., пакуван во шишенца по 100 и 500 m, под бр. 9-6154/2 од 24 јануари 1968 година;

3) Вакцина за Aujeszky-ева болест, ad us. vet., пакувана во шишенца по 10 дози лиофилизирана вакцина, со шишенца по 10 ml разредувач, под бр. 9-6102/2 од 2 февруари 1968 година;

4) Mastiphen, ad us. vet., пакуван во туби по 5 g препарат, под бр. 9-4457/2 од 2 февруари 1968 година;

5) Fungimor, ad us. vet., пакуван во шишенца по 100 и 1000 ml, под бр. 9-272/2 од 2 февруари 1968 година;

6) Витамин $D_3$, ad us. vet., пакуван во шишенца по 10 ml, под бр. 9-271/1 од 2 февруари 1968 година;

7) Penicillin susp, ad us. vet., пакуван во шишенца по 50 ml, под бр. 9-887/2 од 27 февруари 1968 година;

8) Epi-spray, ad us. vet., пакуван во шишенца по 150 ml, со распрскувач, под бр. 9-888/2 од 27 февруари 1968 година;

9) Streptomycin sol, ad us. vet., пакуван во шишенца по 100 ml, под бр. 9-6597/2 од 19 март 1968 година;

10) Penicillin + streptomycin susp, ad us. vet., пакуван во шишенца по 50 и 100 ml, под бр. 9-6597/1 од 19 март 1968 година;

11) Вакцина за сипаница кај живината (сува), пакувана во шишенца по 50 и 100 дози, под бр. 9-2515/1 од 29 мај 1968 година;

12) Вакцина на атипична чума кај живината од сојот mukteswar врз култура на ткивните клетки на свињи, пакувана во шишенца по 50 и 100 дози, под бр. 9-4779/1 од 20 јуни 1968 година.

**3. Творница фармацеутских и кемијских производа „Плива" — Загреб, за:**

1) Geomycin — пенливи тбл. ad us. vet., пакуван по 1 и 10 таблети, под бр. 9-6458/2 од 2 февруари 1968 година;

2)Hystrecin, ad us. vet., пакуван во шишенца по 1 и 5 g, под бр. 9-4719/1 од 28 јуни 1968 година;

3) Plysulpen, ad us. vet., пакуван по 50 g стерилен прашок, под бр. 9-4979/1 од 28 јуни 1968 година.

**4. Фармацеутско-хемиската индустрија „Галеника", Белград—Земун, за:**

1) Galofak S.P. 125, ad us. vet., промена на средствата со бензатин-пеницилин, пакуван по 1,5 и 40 kg, под бр. 9-2158/1 од 20 февруари 1968 година;

2) Galofural 120, ad us. vet., пакуван во кутии по 1 и 5 kg и вреќи по 40 kg, под бр. 03-240/2 од 20 февруари 1968 година;

3) Galofak-T, ad us. vet., пакуван во кутии по 1 и 5 kg и вреќи по 40 kg, под бр. 03-239/2 од 20 февруари 1968 година;

4) Galorin, ad us. vet., пакуван во кутии по 1 и 5 kg и полиетиленски вреќи по 40 kg, под бр. 9-3144/1 од 23 април 1968 година;

5) Emgal, ad us. vet., пакуван во кутии по 1 и 5 kg и полиетиленски вреќи по 40 kg, под бр. 9-3145/1 од 4 април 1968 година.

**5. Tovarna farmacevtskih in kemičnih izdelkov »Lek« — Љубљана, за:**

Kemicetin sukcinat, ad us. vet., пакуван во шишенца по 1 g, во кутии со по 50 шишенца, под бр. 6900/1 од 4 јануари 1968 година.

**6. Фирмата „Farbwerke Hoechst A. G.", Frankfurt/M, СР Германија, за:**

1) Alugan koncentrat, пакуван во кесиња по 20 g, под бр. 9-1122/1 од 8 април 1968 година;

2) Alugan spray, ad us. vet., пакуван во лимени шишенца по 170 g, под бр. 9-1124/1 од 8 април 1968 година;

3) Alugan прав, ad us. vet., пакуван во лименки по 100 g, под бр. 9-1123/1 од 8 април 1968 година.

Застапник: Претпријатието „Југохемија", Белград.

**7. Фирмата „Cyanamid international", N. Jersey, САД, за:**

Aureomycin poultry formula, ad us. vet., пакуван во тапани или кесиња по 4.540 g (10 либри) и по 22.700 g (50 либри), под бр. 9-1561/2 од 2 февруари 1968 година.

Застапник: Претпријатието „Југославија-комерц", Белград.

**8. Фирмата „Byk-Gulden Lomberg G.m.b.H.", Konstanz, СР Германија, за:**

1) Eumastol PS, ad us. vet., пакуван во кутии со 10 брзнувалки од пластика, под бр. 9-461/2 од 24 јануари 1968 година;

2) Enterotonon паста, ad us. vet., пакувана во туби по 20 ml или во кутии со 12 туби по 20 ml, со соодветен број шпатули, под бр. 9-536/2 од 12 февруари 1968 година;

3) Enterotonon pulvis, ad us. vet., пакуван во кутии со 5 кесиња, по 25 g, или со 20 кесиња по 25 g, или со 100 кесиња по 25 g, под бр. 9-535/2 од 2 февруари 1968 година.

Застапник: Претпријатието „Adria", Белград.

**9. Фирмата „Abbott laboratories", N. Chicago, САД, за:**

1) Pro-gen 90, ad us. vet., пакуван во вреќи по 22.700 g, под бр. 9-4024/3 од 25 јануари 1968 година;

2) Pro-gen w, ad us. vet., пакуван во шишенца по 240 g, под бр. 9-4025/3 од 25 јануари 1968 година;

3) Fumidil B, ad us. vet., пакуван во шишенца по 25 g, под бр. 9-4026/3 од 25 јануари 1968 година.

Застапник: Претпријатието „Ветпром" Белград.

Бр. 9-8483/1
15 јули 1968 година
Белград

Заменик сојузен секретар
за стопанство,
**Владо Јуричиќ**, с. р.

**404.**

Врз основа на членот 32 точка 4 од Законот за прометот на лекови („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), на предлог од Сојузниот завод за здравствена заштита, Сојузниот совет за здравство и социјална политика издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИТЕ МЕРКИ ШТО МОРААТ ДА ГИ ПРЕЗЕМААТ РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО СЕ ЗАНИМАВААТ СО ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА КРВ И КРВНИ ДЕРИВАТИ

1. Во Наредбата за хигиенско-техничките мерки што мораат да ги преземаат работните организации што се занимаваат со производство и промет на крв и крвни деривати („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/67) во Хигиенско-техничките мерки што мораат да ги преземаат работните организации што се занимаваат со производство и промет на крв и крвни деривати, што се отпечатени кон оваа наредба и нејзин се составен дел, во делот I, во поглавјето: „I. Дарители на крв" во точката 3.5 по зборот: „пометнување" запирката и зборовите до крајот на текстот се бришат.

Во точката 3.12 по зборовите: „според Van Slyke" зборовите до крајот на текстот се бришат.

Во поглавјето: „II. Конзервирана крв“ во точката 1.2 се додава нов став 2, кој гласи:

„Мостра на крв во пилот-епрувета да се помеша со конзерванс.“

Во поглавјето: „VII. Стерилен апироген стабилизатор за крв — ACD раствор“ во точката 3 во рецептот No I и во рецептот No II по зборовите: „Acidum citricum“ се додава: X $H_2O$“. Во рецептот No III зборот: „anhyd.“ се заменува со: „X $H_2O$“, а зборовите: „од 1,5 до 5,5“ се заменуваат со зборовите: „4.5 до 5.5“.

Во точката 4 зборовите: „крвната конзерва“ на сите три места се заменуваат со зборовите: „земената крв“.

2. Во делот II, во одделот: „1. Подготовки за трансфузија на крв и на деривати од крв“ ставот 3 се брише.

Во одделот: „2. Определување на крвните групи“, во пододделот: „Определување на крвните групи на АВО системот“ по ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Во многу итни случаи се дозволува користење на побрзи и поедноставни методи за определување на крвните групи и тестот на согласноста од наведените, со тоа што определувањето да се заврши со користење на наведените методи.“

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

15/II бр. 1366/67
10 јули 1968 година
Белград

Претседател
на Сојузниот совет
за здравство
и социјална политика,
**др Никола Георгиевски**, с. р.

---

**405.**

Врз основа на точката 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/68), во согласност со сојузниот секретар за стопанство и со сојузниот секретар за надворешна трговија, директорот на Сојузниот завод за цени издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 18/68, 20/68, 21/68, 22/68, 24/68, 25/68, и 29/68) во точката 1 во одредбата под 57 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат осумнаесет нови одредби, кои гласат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| „58) | 032-01-11 | Сардини во конзерви, стерилизирани<br>во износ од 1,30 динари за 1 килограм; | 16.04/3б |
| 59) | 032-01-12 | Филети во конзерви, стерилизирани<br>во износ од 2,25 динари за 1 килограм; | 16.04/6 |
| 60) | 032-01-19 | Конзерви рибини други, стерилизирани (brislings, sparts и др.)<br>во износ од 3,00 динари за 1 килограм; | 16.04/2, 4, 5, 9 |
| 61) | 032-01-90 | Рибини преработки други<br>во износ од 11,00 динари за 1 килограм; | 16.04/9 |
| 62) | 051-50-10 | Грозје свежо<br>во износ од 0,20 динари за 1 килограм; | 08.04/1 |
| 63) | 112-11-10 | Шира (непресечена со алкохол)<br>во износ од 0,25 динари за 1 литар до 18% шеќер, а за секој натамошен процент шеќер по 0,014 динари; | 23.07/4 и 22.04 |
| 64) | 112-12-10 | Вино обично во буриња и цистерни<br>во износ од 0,11 динари за 1 малиган; | 22.05/8 |
| 65) | 112-12-20 | Вино квалитетно во буриња и цистерни<br>во износ од 0,11 динари за 1 малиган; | 22.05/7 |
| 66) | 112-12-30 | Вино десертно во буриња и цистерни<br>во износ од 0,11 динари за 1 малиган; | 22.05/3 |
| 67) | 112-12-41 | Вино обично во шишиња<br>во износ од 0,11 динари за за 1 малиган; | 22.05/6 |
| 68) | 112-12-43 | Вино десертно во шишиња<br>во износ од 0,75 динари за 1 литар; | 22.05/3 |
| 69) | 112-12-44 | Вино пенливо во шишиња<br>во износ од 1,00 динари за 1 литар; | 22.05/1 |
| 70) | 112-12-51 | Вино за мешање<br>во износ од 0,11 динари за 1 малиган; | 22.05/9 |
| 71) | 112-12-52 | Вино за дестилација<br>во износ од 0,11 динари за 1 малиган; | 22.05/9 |
| 72) | 112-12-54 | Вино за изработка на вермут<br>во износ од 0,11 динари за 1 малиган; | 22.05/9 |
| 73) | 112-12-60 | Мистела (шира пресечена со алкохол)<br>во износ од 0,25 динари за 1 литар; | 22.05/9 |
| 74) | 112-12-90 | Вина неспоменати<br>во износ од 0,11 динари за 1 малиган; | 22.05/9 |
| 75) | 122-10-10 | Цигари | 24.02/1 |

а) за цигари и цигарилоси чија набавна цена кај увозот франко југословенска граница е до 0,63 динари за парче

во износ од 0,30 динари за парче;

б) за цигари и цигарилоси чија набавна цена кај увозот франко југословенска граница е од 0,64 до 1,25 динари за парче

во износ од 0,50 динари за парче;

в) за цигари и цигарилоси чија набавна цена кај увозот франко југословенска граница е 1,26 и повеќе динари за парче

во износ од 0,60 динари за парче.“

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 17-137
25 јули 1968 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за цени,
**Никола Филиповиќ**, е. р.

**406.**

Врз основа на членот 8 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67 и 9/68) во согласност со сојузниот секретар за финансии, директорот на Сојузната управа за царини ја утврдува

## ЛИСТАТА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЛИСТАТА НА ЦАРИНСКИТЕ ОСНОВИЦИ ЗА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ, КАМИОНИ, МОТОРЦИКЛИ И МОПЕДИ ШТО ЈУГОСЛОВЕНСКИ И СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ГИ УВЕЗУВААТ, ВНЕСУВААТ ИЛИ ПРИМААТ ОД СТРАНСТВО

Во Листата на царинските основици за патнички автомобили, камиони, моторцикли и мопеди што југословенски и странски државјани ги увезуваат, внесуваат или примаат од странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/67 и 34/67) во точката 1 оддел 1 — За патнички автомобили, се вршат следните дополненија:

**1) марка „Alfa Romeo" (Италија):**

по редниот број 110 се додаваат дваесет и два нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 111 | Dauphine, 4 врати, 4 седишта | 845 | 26,5 | 1968 | 9.772 |
| 112 | 1300, Sprint, Coupe, 2+2 седишта | 1290 | 80 | 1968 | 25.856 |
| 113 | Giulia 1300, Berlina, 4 врати, 5 седишта | 1290 | 78 | 1968 | 20.700 |
| 114 | Giulia 1300, T. I., 4 врати, 5 седишта | 1290 | 92 | 1968 | 20.320 |
| 115 | Giulia T. I., 4 врати, 5 седишта | 1570 | 98 | 1968 | 23.000 |
| 116 | Giulia Spider, 2 седишта | 1570 | 98 | 1968 | 30.960 |
| 117 | Giulia Spider, Veloce, 2 седишта | 1570 | 112 | 1968 | 26.460 |
| 118 | Giulia Sprint G. T, Coupe, 2+2 седишта | 1570 | 106 | 1968 | 31.270 |
| 119 | Giulia GTC, Cabriolet, 2+2 седишта | 1570 | 106 | 1968 | 33.530 |
| 120 | Giulia GTA, Coupe, 2+2 седишта | 1570 | 115 | 1968 | 41.930 |
| 121 | Giulia Sprint GT Veloce, Coupe, 2+2 седишта | 1570 | 112 | 1968 | 31.500 |
| 122 | Giulia TZ, Coupe, 2 седишта | 1570 | 112 | 1968 | 55.500 |
| 123 | 2600 Berlina, 4 врати, 6 седишта | 2584 | 148 | 1968 | 40.500 |
| 124 | 2600 Sprint, Coupe, 4 седишта | 2584 | 165 | 1968 | 50.625 |
| 125 | 2600 OSI-De Luxe, Berlina, 4 врати, 4/5 седишта | 2584 | 148 | 1968 | 54.600 |
| 126 | 2600 Spider, 2+2 седишта | 2584 | 165 | 1968 | 43.500 |
| 127 | 2600 SZ, Coupe, 2+2 седишта | 2584 | 165 | 1968 | 59.550 |
| 128 | 1750 Berlina, 4 врати | 1779 | 132 | 1968 | 25.340 |
| 129 | GT 1300 Junior, 2 врати | 1290 | 103 | 1968 | 25.340 |
| 130 | Giulia Super, 4 врати | 1570 | 112 | 1968 | 22.600 |
| 131 | 1750 GT Veloce, 2 врати | 1779 | 132 | 1968 | 29.900 |
| 132 | 1750 Spider Veloce, 2 врати | 1779 | 132 | 1968 | 29.900"; |

**2) марка „Alpine" (Франција):**

по редниот број 18 се додаваат осум нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | A—110/1100 Berlinette, Coupe, 2 седишта | 1108 | 66 | 1968 | 36.353 |
| 20 | A—100, Berlinette | 1108 | 95 | 1968 | 37.350 |
| 21 | A—110/GT4, Coupe, 4 седишта | 1108 | 66 | 1968 | 37.350 |
| 22 | A—100/GT4, Coupe, 4 седишта | 1108 | 95 | 1968 | 38.260 |
| 23 | A—100/1100, Cabriolet, 2 седишта | 1108 | 66 | 1968 | 36.353 |
| 24 | A—100/1000, Cabriolet, 2 седишта | 1108 | 95 | 1968 | 37.350 |
| 25 | A—1300, Berlinette, 2 седишта | 1296 | 115 | 1968 | 38.865 |
| 26 | A—1300/GT4, Coupe, 4 седишта | 1296 | 115 | 1968 | 38.100" |

**3) марка „Austin" (Велика Британија):**

по редниот број 102 се додаваат деветнаесет нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 103 | Mini, Basic, Saloon MK 2, 2 врати | 848 | 34 | 1968 | 11.388 |
| 104 | Mini, Export, Saloon MK 2, 2 врати | 848 | 34 | 1968 | 11.785 |
| 105 | Mini, Countryman, MK 2, 3 врати, All Steel (челична каросерија) | 848 | 34 | 1968 | 13.200 |
| 106 | Mini, Countryman, MK 2, 3 врати, with wood (каросерија со дрво) | 848 | 34 | 1968 | 13.590 |
| 107 | Mini, Basic, Saloon, 2 врати | 998 | 38 | 1968 | 11.898 |
| 108 | Mini Export, Saloon, 2 врати | 998 | 38 | 1968 | 12.294 |
| 109 | Mini, Super De Luxe, Saloon, 2 врати | 998 | 38 | 1968 | 12.814 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 110 | Mini, Cooper, MK 2, 2 врати | 998 | 55 | 1968 | 13.705 |
| 111 | Mini Cooper „S", MK 2, 2 врати | 1275 | 75 | 1968 | 18.246 |
| 112 | 1100, Saloon, MK 2, De Luxe, 4 врати | 1098 | 48 | 1968 | 14.600 |
| 113 | 1100, Saloon, MK 2, Super De Luxe, 4 врати | 1098 | 48 | 1968 | 15.000 |
| 114 | 1100 Saloon MK 2, De Luxe, 2 врати | 1098 | 48 | 1968 | 14.077 |
| 115 | 1100 Saloon, MK 2, Super De Luxe, 2 врати | 1098 | 48 | 1968 | 14.581 |
| 116 | 1100, Countryman, MK 2, 3 врати | 1098 | 48 | 1968 | 16.056 |
| 117 | 1300, Saloon De Luxe, 4 врати | 1275 | 58 | 1968 | 15.132 |
| 118 | 1300, Saloon, Super De Luxe, 4 врати | 1275 | 58 | 1968 | 15.526 |
| 119 | 1300 Saloon De Luxe, 2 врати | 1275 | 58 | 1968 | 14.600 |
| 120 | 1300, Saloon Super De Luxe, 2 врати | 1275 | 58 | 1968 | 15.000 |
| 121 | 1300, Countryman, 3 врати | 1275 | 58 | 1968 | 16.575"; |

**4) марка „Autobianchi" (Италија):**

по редниот број 18 се додаваат шест нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „19 | Bianchina 110 DBA, 2 врати | 499 | 22 | 1968 | 9.020 |
| 20 | Bianchina 110 DBA, Speciale, 2 врати | 499 | 25 | 1968 | 9.860 |
| 21 | Bianchina 110 B 120 SP, Cabriolet, 2 врати | 499 | 25 | 1968 | 10.868 |
| 22 | Bianchina 120 B, Panoramica Decapottabile, 5 врати | 499 | 21,5 | 1968 | 10.348 |
| 23 | Bianchina 120 B, Panoramica, 3 врати | 499 | 21,5 | 1968 | 10.396 |
| 24 | Bianchina 110 DB, Stellina, 2 врати | 767 | 32 | 1968 | 11.916"; |

**5) марка „Auto Union DKW" (Сојузна Република Германија):**

по редниот број 68 се додаваат единаесет нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „69 | Audi N, 2 врати | 1696 | 72 | 1968 | 17.903 |
| 70 | Audi N, 4 врати | 1696 | 72 | 1968 | 18.924 |
| 71 | Audi L, 2 врати | 1696 | 72 | 1968 | 18.528 |
| 72 | Audi L, 4 врати | 1696 | 72 | 1968 | 19.549 |
| 73 | Audi 80 L, 2 врати | 1696 | 80 | 1968 | 18.878 |
| 74 | Audi 80 L, 4 врати | 1696 | 80 | 1968 | 19.862 |
| 75 | Audi 80 Variant-каравan | 1696 | 80 | 1968 | 20.071 |
| 76 | Audi Super 90, 2 врати | 1770 | 90 | 1968 | 19.996 |
| 77 | Audi Super 90, 4 врати | 1770 | 90 | 1968 | 21.090 |
| 78 | Audi 60, 2 врати | 1496 | 65 | 1968 | 16.403 |
| 79 | Audi 60, 4 врати | 1496 | 65 | 1968 | 17.184"; |

**6) марка „BMW" (Сојузна Република Германија):**

по редниот број 59 се додаваат единаесет нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „60 | 1600/2, 2 врати | 1573 | 85 | 1968 | 19.922 |
| 61 | 1600 TI,2 врати | 1573 | 105 | 1968 | 23.422 |
| 62 | 1600 GT, 2 врати | 1573 | 105 | 1968 | 38.422 |
| 63 | 1600 Cabriolet | 1573 | 85 | 1968 | 30.344 |
| 64 | 1800, 4 врати | 1773 | 90 | 1968 | 24.985 |
| 65 | 2000, 4 врати | 1990 | 100 | 1968 | 27.485 |
| 66 | 2000 TI, 4 врати | 1990 | 120 | 1968 | 29.516 |
| 67 | 2000 TILUX, 4 врати | 1990 | 120 | 1968 | 30.688 |
| 68 | 2000 A, 4 врати | 1190 | 100 | 1968 | 30.453 |
| 69 | 2000 CS, 2 врати | 1990 | 120 | 1968 | 43.891 |
| 70 | 2002, 2 врати | 1990 | 100 | 1968 | 21.922"; |

**7) марка „Citroën" (Франција):**

по редниот број 62 се додаваат дваесет и еден нов редеи број, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „63 | AZL, Berline | 425 | 18 | 1968 | 10.477 |
| 64 | DYANE, Berline Luxe | 425 | 21 | 1967/68 | 11.011 |
| 65 | DYANE, Berline Confort | 425 | 21 | 1967/68 | 11.857 |
| 66 | DYANE, Berline Confort | 602 | 26 | 1968 | 12.350 |
| 67 | AMI 6, Berline Tourisme | 602 | 26 | 1967/68 | 13.292 |
| 68 | AMI 6, Berline Confort | 602 | 26 | 1967/68 | 13.452 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 69 | AMI 6, Break Tourisme | 602 | 26 | 1967/68 | 13.887 |
| 70 | AMI 6, Break Confort | 602 | 26 | 1967/68 | 14.065 |
| 71 | AMI 6, Break Commerciale | 602 | 26 | 1967/68 | 14.065 |
| 72 | ID 19, Berline De Luxe | 1985 | 84 | 1967/68 | 23.395 |
| 73 | ID 19, Berline Confort | 1985 | 84 | 1967/68 | 25.142 |
| 74 | DS 19, Berline | 1985 | 90 | 1967/68 | 29.947 |
| 75 | DS 19, Berline »Pallas« | 1985 | 90 | 1967/68 | 32.517 |
| 76 | DS 21, Berline | 2175 | 109 | 1967/68 | 31.851 |
| 77 | DS 21, Berline »Pallas« | 2175 | 109 | 1967/68 | 34.973 |
| 78 | DS 21, Berline »Prestige« | 2175 | 109 | 1967/68 | 37.532 |
| 79 | DS 21, Cabriolet | 2175 | 109 | 1967/68 | 54.228 |
| 80 | Break Luxe 19 | 1985 | 90 | 1967/68 | 30.139 |
| 81 | Break Confort 19 | 1985 | 90 | 1967/68 | 31.724 |
| 82 | Break Luxe 21 | 2175 | 109 | 1967/68 | 31.790 |
| 83 | Break Confort 21 | 2175 | 109 | 1967/68 | 33.373"; |

**8) марка „DAF" (Холандија):**

по редниот број 19 се додаваат четири нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „20 | DAF 33, De Luxe | 750 | 27 | 1968 | 11.495 |
| 21 | DAF 44, De Luxe | 850 | 34 | 1968 | 11.495 |
| 22 | DAF 44, Karavan | 850 | 34 | 1968 | 15.052 |
| 23 | DAF 55, De Luxe | 1108 | 45 | 1968 | 14.786"; |

**9) марка „Fiat" (Италија):**

по редниот број 150 се додаваат дваесет и осум нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „151 | 500, Berlina | 499,5 | 18 | 1968 | 9.235 |
| 152 | 600 D, Berlina | 767 | 25 | 1968 | 12.139 |
| 153 | 600 D, Transformabile | 767 | 25 | 1968 | 12.403 |
| 154 | 600 Multipla, 4/5 седишта | 767 | 29 | 1968 | 14.125 |
| 155 | 600 Multipla, 6 седишта | 767 | 29 | 1968 | 14.375 |
| 156 | 850 Normale, Berlina | 843 | 34 | 1968 | 13.635 |
| 157 | 850 Super, Berlina | 843 | 37 | 1968 | 13.635 |
| 158 | 850 Special, Berlina | 843 | 47 | 1968 | 14.510 |
| 159 | 850 Sport, Coupe | 903 | 52 | 1968 | 18.123 |
| 160 | 850 Sport, Spider | 903 | 52 | 1968 | 19.883 |
| 161 | 850 Familiare | 843 | 34 | 1968 | 18.035 |
| 162 | 1100 R, Berlina | 1089 | 48 | 1968 | 16.451 |
| 163 | 1100 R, Familiare | 1089 | 48 | 1968 | 17.067 |
| 164 | 124 Berlina | 1197 | 60 | 1968 | 19.091 |
| 165 | 124 Familiare | 1197 | 60 | 1968 | 20.059 |
| 166 | 124 Sport, Coupe | 1438 | 90 | 1968 | 27.099 |
| 167 | 124 Sport, Spider | 1438 | 90 | 1968 | 28.155 |
| 168 | 125 Berlina | 1608 | 90 | 1968 | 23.755 |
| 169 | 1500 Berlina | 1481 | 75 | 1968 | 22.875 |
| 170 | 1500 Familiare | 1481 | 75 | 1968 | 23.139 |
| 171 | 1500 Berlina, Lunga | 1481 | 75 | 1968 | 24.811 |
| 172 | 1800 B, Berlina | 1795 | 82 | 1968 | 27.539 |
| 173 | 1800 B, Familiare | 1795 | 82 | 1968 | 29.299 |
| 174 | 2300 Berlina, Lusso | 2279 | 102 | 1968 | 32.379 |
| 175 | 2300 Familiare | 2279 | 102 | 1968 | 33.523 |
| 176 | 2300, Coupe S | 2279 | 130 | 1968 | 51.651 |
| 177 | Фиат Dino, Coupe | 1987 | 160 | 1968 | 65.995 |
| 178 | Фиат Dino, Spider | 1987 | 160 | 1968 | 63.095"; |

**10) марка „Ford" (Сојузна Република Германија):**

по редниот број 169 се додаваат триесет и четири нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „170 | Ford 12 M, Standard, 2 врати | 1288 | 50 | 1968 | 15.375 |
| 171 | Ford 12 M, Standard, 4 врати | 1288 | 50 | 1968 | 16.312 |
| 172 | Ford 12 M, Station Wagon (караван), 3 врати | 1288 | 50 | 1968 | 16.469 |
| 173 | Ford 12 M, Coupe | 1288 | 50 | 1968 | 16.875 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 174 | Ford 15 M, Standard, 2 врати | 1488 | 55 | 1968 | 16.625 |
| 175 | Ford 15 M, Standard, 4 врати | 1488 | 55 | 1968 | 16.875 |
| 176 | Ford 15 M, Station Wagon (каравan), 3 врати | 1488 | 55 | 1968 | 17.644 |
| 177 | Ford 15 MTS, 2 врати | 1488 | 65 | 1968 | 18.000 |
| 178 | Ford 15 MTS, 4 врати | 1488 | 65 | 1968 | 18.938 |
| 179 | Ford 15 MTS, Coupe | 1488 | 65 | 1968 | 18.375 |
| 180 | Ford 15 MTS, 2 врати | 1699 | 70 | 1968 | 18.250 |
| 181 | Ford 15 MTS, 4 врати | 1699 | 70 | 1968 | 19.188 |
| 182 | Ford 15 MTS, Coupe | 1699 | 70 | 1968 | 18.625 |
| 183 | Ford 17 M, Standard, 2 врати | 1498 | 60 | 1968 | 19.800 |
| 184 | Ford 17 M, Standard, 4 врати | 1498 | 60 | 1968 | 20.972 |
| 185 | Ford 17 M, Hardtop | 1498 | 60 | 1968 | 21.797 |
| 186 | Ford 17 M, Station Wagon, 2 врати | 1498 | 60 | 1968 | 20.688 |
| 187 | Ford 17 M, Station Wagon, 4 врати | 1498 | 60 | 1968 | 21.853 |
| 188 | Ford 17 M, De Luxe, 2 врати | 1498 | 60 | 1968 | 20.772 |
| 189 | Ford 17 M, De Luxe, 4 врати | 1498 | 60 | 1968 | 21.944 |
| 190 | Ford 17 M, Station Wagon, De Luxe, 2 врати | 1498 | 60 | 1968 | 21.569 |
| 191 | Ford 17 M, Station Wagon, De Luxe, 4 врати | 1498 | 60 | 1968 | 22.734 |
| 192 | Ford 20 M, 2 врати | 1998 | 85 | 1968 | 22.409 |
| 193 | Ford 20 M, 4 врати | 1998 | 85 | 1968 | 23.581 |
| 194 | Ford 20 M, Hardtop | 1998 | 85 | 1968 | 23.394 |
| 195 | Ford 20 M, Station Wagon, 2 врати | 1998 | 85 | 1968 | 23.297 |
| 196 | Ford 20 M, Station Wagon, 4 врати | 1998 | 85 | 1968 | 24.452 |
| 197 | Ford 20 M TS, 2 врати | 1998 | 90 | 1968 | 24.378 |
| 198 | Ford 20 M TS, 4 врати | 1998 | 90 | 1968 | 25.550 |
| 199 | Ford 20 M TS, Hardtop | 1998 | 90 | 1968 | 25.363 |
| 200 | Eskort, De Luxe, 2 врати | 1100 | 45 | 1968 | 13.909 |
| 201 | Eskort, De Luxe, 2 врати | 1298 | 54 | 1968 | 15.619 |
| 202 | Eskort, Super, 2 врати | 1298 | 54 | 1968 | 15.147 |
| 203 | Eskort GT, 2 врати | 1298 | 63,5 | 1968 | 16.797"; |

**11) марка „Ford" (Велика Британија):**

по редниот број 130 се додаваат десет нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „131 | Cortina, De Luxe, 2 врати | 1297 | 54 | 1968 | 15.270 |
| 132 | Cortina, De Luxe, 4 врати | 1297 | 54 | 1968 | 16.170 |
| 133 | Cortina, Station Wagon, De Luxe, 4 врати | 1297 | 54 | 1968 | 17.190 |
| 134 | Cortina, Super, 2 врати | 1598 | 64 | 1968 | 16.230 |
| 135 | Cortina, Super, 4 врати | 1598 | 64 | 1968 | 17.400 |
| 136 | Cortina, Station Wagon, Super, 4 врати | 1598 | 64 | 1968 | 18.420 |
| 137 | Cortina GT, 2 врати | 1598 | 82 | 1968 | 18.300 |
| 138 | Cortina GT, 4 врати | 1598 | 82 | 1968 | 19.200 |
| 139 | Cortina 1600 E, 4 врати | 1598 | 82 | 1968 | 21.270 |
| 140 | Cortina Lotus | 1558 | 106 | 1968 | 22.800"; |

**12) марка „Glas-Goggomobil" (Сојузна Република Германија):**

по редниот број 37 се додаваат четрнаесет нови редни броеви, кои гласат:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „38 | S — 1204, Coupe | 1189 | 53 | 1968 | 16.000 |
| 39 | S — 1204, Cabriolet | 1189 | 53 | 1968 | 16.625 |
| 40 | 1300 GT, Coupe | 1289 | 75 | 1968 | 20.082 |
| 41 | 1300 GT, Cabriolet | 1289 | 75 | 1968 | 20.844 |
| 42 | 1304 CL | 1290 | 60 | 1968 | 15.735 |
